# CERTAIN THEORETICAL ASPECTS OF ESTABLISHING INTERNATIONAL LEGAL PERSONALITY OF INTERNATIONAL ORGANIZATIONS

**Vida Popovska Kochishka**
FON University, Skopje, Macedonia vida.popovska@fon.edu.mk

**Abstract:** This paper deals with the issue of establishing legal personality of the international organizations *per se*, using the UN as an example, without further consideration of the various international organizations and their powers. This has always been a complex issue within the International Law. Numerous papers have been devoted to this issue as it continues to attract the attention of governments, international organizations and theorists. International organizations establish legal relationships with other subjects of International Law, or Member States in areas where they can operate independently, or with non-members. This raises the question of whether they are subjects of International Law and thus are obliged to respect the rules of international law? As far as the UN is concerned, there's no doubt that the organization possesses international subjectivity according to the International Court of Justice 1949 Advisory opinion on the Reparation for Injuries Suffered in the Service of the UN. This paper proves that if International Organizations meet certain criteria, such as the capacity to conclude international treaties, enjoy privileges and immunities and can be held responsible for internationally wrongful acts, they must possesses legal personality. However, the question remains, whether these criteria are enough to establish their international subjectivity.
**Keywords:** legal personality, international subjectivity, international organizations, international responsibility.

# НЕКОИ ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА ВОСПОСТАВУВАЊЕТО МЕЃУНАРОДНО-ПРАВЕН СУБЈЕКТИВИТЕТ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Вида Поповска Кочишка**
ФОН Универзитет, Скопје, Македонија vida.popovska@fon.edu.mk

**Резиме:** Овој труд се занимава со прашањето на воспоставување на правниот субјективитет на меѓународните организации per se, користејќи ја ОН како пример, без понатамошно разгледување на различните меѓународни организации и нивните овластувања. Ова отсекогаш било сложено прашање во рамките на меѓународното право. Бројни документи се посветени на ова прашање, бидејќи продолжуваат да го привлекуваат вниманието на владите, меѓународните организации и теоретичарите. Меѓународните организации воспоставуваат правни односи со други субјекти од меѓународното право или земјите-членки во областите каде што можат да работат независно или со не-членки. Ова го покренува прашањето дали се субјекти на меѓународно право, па оттука дали се должни да ги почитуваат правилата на меѓународното право? Што се однесува до ООН, нема сомнение дека организацијата поседува меѓународна субјективност согласно Советодавно мислење за надомест за повредите на Меѓународниот суд на правдата од 1949г., кои се случиле во служба на ООН. Овој труд докажува дека ако меѓународните организации задоволат одредени критериуми, како што е капацитетот за склучување меѓународни договори, уживаат привилегии и имунитети и може да се сметаат за одговорни за меѓународно противправни дела, тие мора да поседуваат персоналитет. Сепак, останува прашањето дали овие критериуми се доволни за да се воспостави нивната меѓународна субјективност.

## 1. ВОВЕД

Прашањето за дефинирањето на правниот субјективитет на меѓународните организации е класична, но секогаш комплексна тема на меѓународното право, тема на која се посветени бројни трудови и која продолжува да го привлекува вниманието на владите, меѓународните организации и на теоретичарите.[165]

[165] Многумина автори го разгледуваат прашањето за меѓународниот субјективитет на меѓународните организации: E. Lauterpacht, '*The Development of the Law of international Organizations by the decisions of international tribunals*', 152 RdC, 1976, Vol. 4, p. 403, H. Mosler, *Subjects of International Law*, 7 EPIL, 1984, p. 443. N. Blokker, H. Schermers, *International Institutional Law: Unity within Diversity*, 5th ed., Martinus Nijhoof

Меѓународните организации стапуваат во односи надвор од сопствениот правен поредок, било со државите-членки, со областите каде тие не можат самостојно да дејствуваат, или, пак, со нечленките. Оттука, се поставува прашањето дали се тие меѓународни личности и дали се обврзни да ги почитуваат правилата на меѓународното право?

Позицијата на меѓународните организации на меѓународната сцена значително се промени во последните години. Во минатото (изминатите векови), единствено државите беа признати како личности, т.е. субјекти во меѓународното право. На другите ентитети им беше исклучено правото да добијат статус на меѓународни правни личности. Преовладуваше концептот на апсолутна сувереност на државите, кои се сметаа за врховни центри на моќ. Ова беше преовладувачки став во 19-тиот и почетокот на 20-тиот век. Се поставува прашањето како, во вакви констелации, функционирале организациите во меѓународните односи?

Во рамките на старата германска царинска унија (*Zollverein*), сите активности преземени согласно меѓународното право беа доверени на една држава-членка (Прусија), која дејствуваше во име на колективното членство. Истото постои и денес во рамките на белгиско-луксембуршката економска унија ( BLEU), каде Белгија е државата-членка која ја претставува Унијата надвор; исто така, Бенелукс е претставувана од страна на една држава-членка во надворешните работи.[166] Друг уникатен случај претставува Европската унија. Таа немаше сопствен меѓународно-правен субјективитет. Во надворешните односи не делуваше преку една држава-членка како во претходните случаи, туку преку сите држави-членки колективно, или го „користеше“ правниот субјективитет на Европските заедници,[167] сé додека самата не стана меѓународна правна личност.

Во 20-тиот век, концептот на апсолутна сувереност на државата стана застарен. Се појави потребата, меѓународните организации да функционираат независно на меѓународен план, одвоено од државите-членки. Како и во националните правни поредоци, бројот на правни личности признати од меѓународното право се промени во текот на годините. Постоеше потреба за прифаќање на меѓународните организации како правни личности во рамките на националните правни поредоци, како и во рамките на меѓународниот правен поредок. И постоеше општа согласност дека меѓународните организации треба да станат правни личности согласно внатрешното право на државите-членки, и прилично лесно беа додадени кон листата на постоечките категории правни личности. Сепак, им требаше време на државите да ги прифатат меѓународните организации како меѓународно-правни личности во нивниот делокруг на неколкумина носители на меѓународни права и обврски. Ова е и поради отсуството на централизирано меѓународно законодавство, кое би било компетентно да одговори на признатата потреба од доделување субјективитет на меѓународните организации. Додека во националниот правен поредок, правото ги пропишува условите и постапките според кои ентитетите добиваат статус на правни личности, вакви услови и постапки недостасуваат во хоризонтално структуриран меѓународно-правен поредок.[168]

---

Pub., 2011, p. 985-1081; N.D. White, *The Law of International Organizations*, 2nd ed., Manchester Univ. Press, 2005, p. 30-70; C.F. Amerasinghe, *Principles of the Institutional Law of International Organizations*, 2nd ed., Cambridge Univ. Press, 2005, p. 66-105; R. Portmann, *Legal Personality in International Law*, Cambridge Univ. Press, 2010, p. 99-119; J. Klabbers, *Research Handbook on the Law of International Organizations*, Edward Elgar Pub., 2011, p. 33-55; J. Klabbers, *An Introduction to International Institutional Law*, Cambridge Univ. Press, 2002, pp. 52-60; F. Seyersted, *Common Law of International Organizations*, Martinus Nijhoff Pub., 2008, pp. 37-65; I. Brownlie, *Principles of Public International Law*, Oxford Univ. Press, 2008. pp. 675-701. M.P. Scharf, *The Law of International Organizations: Problems and Materials*, Carolina Academic Press, 2007; F. Morgenstern, Legal Problems of International Organizations, Cambridge Univ. Press, 1986, pp. 501-521.

[166] Кога се формираше Бенелукс, трите држави-членки изјавија дека оваа организација нема да биде меѓународна правна личност (чл. 95 од Уставот на Организацијата). Види J.W. Schneider, *The Netherlands and Benelux*, In International Law in the Netherlands, Vol. II, 1979, p. 71-115. Ваквата состојба се менува само до одреден степен кога ревидираниот Договорот за основање на економската унија на Бенелукс од 2008г. стапува на сила. Согласно чл. 48 од овој Договор, „Унијата на Бенелукс ќе поседува меѓународно-правен субјективитет заради обезбедување на привилегии и имунитети“.

[167] На пр., кога беа склучувани договори меѓу ЕЗ и трети страни. Види повеќе кај D. Curtin, *The Constitutional Structure of the Union: A Europe of Bits and Pieces*, 30 CMLRev., 1993, p. 27-28.

[168] Brownlie забележува дека „меѓународната заедница нема ниту правен, ниту административен процес споредено со оној за инкорпорирање во националното право...“; онаму каде не постои таков процес,

Така што, требаше да помине време пред да стане обичај во уставите на меѓународните организации да биде предвидена експлицитна одредба дека овие организации имаат правен субјективитет во меѓународното право.[169] Ваквите одредби ги обврзуваат членките да ја прифатат организацијата како одвоена правна личност, надлежна да извршува акти, кои согласно класичното меѓународно право, можеа да бидат извршувани исклучиво од државите. Тие, исто така, го разјаснуваат статусот на организацијата за нечленките. Доколку членките се сомневаат во способноста на организацијата да извршува меѓународни акти, ваквата дилема би била разрешена предвидувајќи експлицитна одредба во конститутивниот акт на организацијата. Ваквите експлицитни одредби беа реткост сé до 1990-тите години, кога почнаа да се практикуваат.[170] Исто така, во конститутивните акти не ретко се забележува појавата на експлицитна одредба дека организацијата не поседува меѓународно-правен субјективитет.[171]

## 2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИОТ СУБЈЕКТИВИТЕТ

Денес, несомнено меѓународните организации може да поседуваат правен субјективитет во меѓународното право, иако не идентичен како оној на државите, или оној во внатрешните правни системи. Исто така, несомнено е дека меѓународните организации може да склучуваат меѓународните договори, да поставуваат и да добиваат меѓународни барања, да испраќаат и да добиваат легации, и да уживаат привилегии и имунитети пред националните судови. Сепак, многу прашања остануваат нерешени или контроверзни, вклучувајќи го и прашањето како една меѓународна организација стекнува меѓународен правен субјективитет; како овој субјективитет е различен од оној на државите; и на крај, како може да се повика на одговорност организацијата и нејзините членки за прекршување на одредбите на меѓународното право, или извршување на меѓународно противправни акти.

Што е она што ја прави меѓународната организација самостоен актер на меѓународната сцена? Историски, дебата се одвиваше околу (не)постоењето на посебна волја или *volonté distincte*, и традиционално, се наметнуваше загатка околу прашањето „како може една меѓународна организација, создадена од држави кои немаат супериорна власт над нив во рамките на меѓународното право, да биде независна од волјата на нејзините држави-членки?“[172] Честопати, волјата е изразена како поседување на меѓународен правен субјективитет, од страна на меѓународните правници. „Поседувањето меѓународно-правен субјективитет на една меѓународна организација значи поседување права, обврски, овластувања и одговорности, итн., како поразлични од оние на нејзините држави-членки или нејзините создавачи на меѓународен план или во меѓународното право“.[173]

Концептот на меѓународниот правен субјективитет и оној на посебна волја се испреплетени до значен степен. Иако првиот е далеку повеќе легалистички концепт отколку вториот, во поглед на меѓународното право, постоењето на посебна волја е во голема мера поврзан со концептот на меѓународно-правниот субјективитет. Една организација со одредени елементи се претпоставува дека поседува меѓународен субјективитет.[174] Овие елементи за различни кај различни автори со поголема или помала

„примарен тест е функционалноста“. I. Brownlie, *Principles of Public International Law,* 7th ed. Oxford Univ. Press, 2008, p. 676.

[169] Договор за Европска заедница за јаглен и челик, чл. 6; Договор за Европска економска заедница, чл. 210 (оригинален текст); Централна американска банка за економска интеграција, чл. 1; Африканска банка за развој, чл. 50 и др.

[170] Види го Договорот од Маракеш за основање на Светската трговска организација од 1994г., чл. VIII; Статутот на Меѓународниот кривичен суд од 1998г., чл. 4.1; Статутот на Меѓународната агенција за обновлива енергија од 2009г., чл. XIII.A.

[171] N. Blokker, H. Schermers, *ibid.*, p. 989.

[172] D.J. Bederman, ‘The Souls of International Organizations: Legal Personality and the Lighthouse at Cape Spartel’, *Virginia JIL*, 36, 1996, 275, p. 357.

[173] C.F. Amerasinghe, *Principles of the Institutional Law of International Organizations*, 2nd edn., Cambridge, Cambridge Univ. Press, 2005, p. 78.

[174] *Ibid.*, p. 89-90; J. Klabbers, ‘Presumptive Personality: The European Union in International Law’, in *International Legal Aspects of the European Union*, The Hague: Kluwer, 1998, p. 243-9.

постојаност, одвоени цели и принципи, различни овластувања, како и органи;[175] додека другите опфаќаат органи, членство и процес на донесување одлуки. Сепак, додека постоењето на посебна волја е составен дел од концептот на меѓународно-правен субјективитет, обемот на волјата може да се најде во природата на тие елементи: на пр., гласање со мнозинство од присутните; ширината на целите и принципите; обемот на овластувања, процесот на донесување на одлуките, и од видот на членство. Овие елементи се рефлектираат на фундаменталната правна природа на организацијата, која може да биде договорна или конститутивна.[176]

Без постоење на субјективитет, една организација би претставувала „асоцијација“, прост збир на субјекти на меѓународното право (државите) со сопствени правни субјективитети, и сопствени индивидуални права и обврски, овластувања и одговорности, но без права и сл. кои би им припаѓале на ентитетот создаден од нив. По нејзиното создавање самата организација поседува меѓународно-правен субјективитет и може да се дискутира за правата, обврските, овластувањата и одговорностите на меѓународната организација *per se*.

## 3. УТВРДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИОТ СУБЈЕКТИВИТЕТ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Кога станува збор за меѓународно-правниот субјективитет на меѓународните организации класична појдовна точка е Советодавното мислење на Меѓународниот суд на правдата *Репарација за повредите од 1949г.*[177] По согледувањето дека „субјектите на правото во секој правен систем не се секогаш идентични“, Судот се изјасни дека Обединетите нации „поседуваат меѓународен правен субјективитет и дека може да поставуваат меѓународни барања против други субјекти на меѓународното право“.[178]Така што и премисата и заклучоците во денешно време се прифатливи не само во поглед на ОН, туку воопшто. Аргументот на Судот, е дискутабилен бидејќи „МСП заклучи дека ОН имаат меѓународен субјективитет само врз основа на специфични овластувања што им се доделени, па понатаму, од постоењето на субјективитетот извлече заклучок дека има специфично овластување да поставува меѓународни барања за еден од своите официјални претставници“. ОН имаат меѓународно-правен субјективитет, иако експлицитно не е наведено во ПОвелбата, туку до ваков заклучок доаѓаме врз основа на збирот на овластувања дадени на организацијата. Членот 104 од Повелбата констатира дека „организацијата ужива на територијата на секоја од своите членки онаа правна способност која и е потребна за обавување на нејзините задачи и постигнување на нејзините цели“, а чл. 105 и гарантира привилегии и имунитети.[179] Меѓутоа, обете члена и обезбедуваат на организацијата правен капацитет во однос на внатрешното право на членките, што претставува само еден елемент од формирањето на нејзината правна личност. За квалифицирање на ОН како субјект на меѓународното право, релевантни се одредбите на Повелбата кои ја овластуваат организацијата на конкретна дејност. ОН, врз основа на Повелбата, е овластена да склучува меѓународни договори, да презема вооружени активности, што беше исклучиво до доменот на државите, да донесува обврзувачки одлуки во случај на кршење на меѓународниот мир и безбедноста, да принудат на извршување на пресудите на Меѓународниот суд на правдата, да управуваат со одредени територии, т.н. старателски територии. ОН имаат активно и пасивно право на претставување како парнична способност. Збирот на овие овластувања укажува дека правата и обврските на индивидуалните членки на Организацијата не се истоветни со правата и обврските на самата организација, така што таа се појавува како непосреден носител на права и обврски во меѓународната заедница. Во советодавно мислење од 11 април 1949г. Судот истакнува: „Повелбата не ја ограничи организацијата да биде само центар во кој ќе се усогласуваат постапките на нациите, насочени кон постигнување на заедничките цели, туку го снабдила тој центар со органи и им дала сопствени задачи. Врз основа на сето тоа, Судот доаѓа

[175] I. Brownlie, *Principles of Public International Law*, Oxford Univ. Press, Oxford, 6th ed., 2003, p. 649; Amerasinghe, *supra*, p. 83.
[176] Меѓународното право прави разлика меѓу правниот субјективитет од една страна, кој може да постои или не, и способностите и надлежностите (овластувањата) од друга страна кои се различни по својата природа, иако постои тенденција за изедначување на степенот на посебната волја и степенот на овластувања. Види повеќе кај P.H.F. Bekker, *The Legal Position of Intergovernmental Organizations*, Nijhoff, 1994, p. 51-85.
[177] ICJ Advisory Opinion of 11 April 1949, Reparation of injuries suffered in the Service of the UN, http://www.icj-cij.org/docket/files/4/1837.pdf .
[178] *ICJ Reports* 1949, 174, p. 179.
[179] С. Аврамов, М. Крећа, *Међународно јавно право*, 20-то издание, Сл. Гласник, Београд, 2007, стр. 240.

до заклучок дека Организацијата е правна личност“.[180] ОН како субјект не се вклопени во цврсти правни рамки; овластувањата со кои располагаат им овозможуваат широка активност на меѓународен план, а со самото тоа и понатамошен развој на правната личност, но само во рамките на целите предвидени со Повелбата на ОН. Тие не смеат да ги пречекоруваат дадените овластувања (да вршат *ultra vires* акти), ниту, пак, да ги повредуваат правилата на меѓународното право.[181]

Оттука, прашањето на субјективитет на една меѓународна организација во голема мера зависи од условите предвидени со основачкиот акт на таа организација. Ако државите изразат волја организацијата да располага со субјективитет, ова треба да се нагласи во конститутивниот договор. Но, во реалноста ова не е често случај. Сепак, субјективитетот на меѓународен план може и да биде изведен од овластувањата или целите на организацијата и нејзината пракса.[182] Ова беше предмет на дискусија и во рамките на ОН во случајот Надомест за повредени претрпени во служба на Обединетите нации од 1949г.[183] Тука Судот констатираше дека ОН имаат субјективитет бидејќи е неопходно за остварување на целите и принципите предвидени со Повелбата. Со други зборови, ова моше да се заклучи од функциите кои ги практикува и правата на организацијата кои ги ужива. Поседувањето на меѓународниот субјективитет значеше дека организацијата е субјект на меѓународното право и способна да се носи со меѓународните права и обврски и да поднесува меѓународни барање пред релевантните меѓународни инстанци.

Во донесувањето на заклучокот, Судот ја проучуваше Повелбата на ОН, релевантните договори, како и праксата, за да ја определи конститутивната природа на ОН и опсегот на нејзините овластувања и обврски. Притоа, забележа дека обврските на членките кон организацијата, способноста да склучува меѓународни договори и содржината на членовите 104 и 105 од Повелбата, каде се потврдува дека ОН уживаат правен капацитет, привилегии и имунитети на територијата на секоја држава-членка неопходни за остварување на нејзините цели. Судот наведе дека:

„*Организацијата ќе ужива на територијата на секоја држава-членка правен капацитет потребен да ги извршува функциите и да ги исполнува целите“.*

Целта на ваков вид на одредба во основачкиот инструмент е да им наметне на државите-членки обврска да го признаат правниот субјективитет на организацијата согласно нивните внатрешни права. Слична обврска е наметната на државата-домаќин кога сличен текст е вметнат во главниот договор.[184]

Барањето меѓународната организација да поседува правен субјективитет се оценува на различни начини. Според едно гледиште, само постоењето на обврска согласно меѓународното право на една меѓународна организација имплицира дека таа поседува правен субјективитет. Според друго гледиште, пак, потребни се дополнителни елементи. Додека Меѓународниот суд на правдата не предвидува особени предуслови, неговиот *dicta* за правниот субјективитет на меѓународните организации не поставуваат строги барања за таа цел. Во советодавното мислење за случајот *Толкување на Договорот меѓу Светската здравствена организација и Египет од 25 март 1951*, Судот констатираше:

„Меѓународните организации се субјекти на меѓународното право и, како такви, се обврзни со сите обврски кои им се наметнати согласно општите правила на меѓународното право, согласно нивните устави или меѓународни договори каде се тие договорни страни.“[185]

Постоењето на меѓународно-правниот субјективитет на една организација се докажува преку следните елементи: 1) повикување на меѓународна одговорност за акти извршени или усвоени од органи на организацијата; 2) склучување на меѓународни договори; и 3) уживање на привилегии и имунитети.

[180] *ICJ Reports* 1949, p. 92.
[181] Љ.Д. Фрчкоски, С. Георгиевски, Т. Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012, стр. 383.
[182] Finn Seyersted, *Objective International Personality of Intergovernmental Organizations*, 1963. Сејерстед смета дека меѓународните организации станува ипсо факто меѓународни правни субјекти каде постои барем еден орган со волја различна од волјата на државите-членки.
[183] *ICJ Reports* 1949, str.185.
[184] Така, Италијанскиот касационен суд во пресудата бр,149 од 18 март 1999, *Instituto Universitario Europeo v. Piette, Giustizia civile, vol. 49 (1999),* одлучи дека „одредбата во меѓународен договор која наметнува обврска да се признае правниот субјективитет на организацијата и имплементацијата на таа одредба само значи дека организацијата бара правен субјективитет согласно внатрешното право од страна на договорните страни”.
[185] *I.C.J. Reports 1980*, стр. 89-90, пара. 37.

**ЗАКЛУЧОК**

Некои прашања во врска со правниот субјективитет на меѓународните организации се неоспорни, додека другите остануваат и понатаму контроверзни. Земајќи го в предвид предметот на трудот, понатамошно разгледување на отворените прашања околу субјективитетот на меѓународните организации би било апсурдно и непотребно. Но, истовремено заради потребите на предметот на трудот, имено несомната поврзаност на прашањето за меѓународната одговорност на меѓународните организации со поседувањето субјективитет, мора да се заклучат следните работи. Општо прифатено е дека меѓународните организации поседуваат правен субјективитет согласно меѓународното и националното право. Имено, поднесувањето и добивањето меѓународни барања, како и имплементирање на меѓународните договори се типични манифестации, ако не и последици, на таквиот субјективитет. Навистина, ова прашање е од суштинска важност за одговорност на меѓународно-противправни акти извршени од или против меѓународни организации. Поради тоа, ова прашање има и практична важност за многубројни организации, особено оние кои извршуваат воени активности, извршуваат државни овластувања над одредена територија, или општо извршуваат активности кои може да повлечат меѓународна одговорност.

Ниту склучувањето на договори, ниту, пак, уживањето на имунитети не се доволни за поседување на меѓународно-правен субјективитет на меѓународните организации, така што и организација која е лишена од меѓународен субјективитет може да склучува меѓународни договори. Во овој случај, органот на организацијата делува како заеднички орган на државите-членки додека договорот произведува правно дејство *vis-à-vis* државите-членки и другата договорна страна.

Од друга страна, пак, држава може да ѝ обезбеди имунитет на една организација која не поседува меѓународно-правен субјективитет или, во одредени случаи, да биде обврзана со договор да направи така. Согласно меѓународното обичајно право, принципот *in parem non habet jurisdictionem* се применува не само кога меѓународната организација се смета за субјект на меѓународното право, туку исто така и кога организацијата претставува само инструмент преку кој неколку држави заеднички настапуваат. Во секој случај, сепак, вистинското прашање е дали актот извршен од меѓународната организација има имунитет од аспект на разликата меѓу актите *jure imperii* и *jure gestionis.*

**REFERENCES**

[1] C.F. Amerasinghe, *Principles of the Institutional Law of International Organizations*, 2nd ed., Cambridge Univ. Press, 2005.
[2] D. Curtin, *The Constitutional Structure of the Union: A Europe of Bits and Pieces*, 30 CMLRev., 1993
[3] E. Lauterpacht, '*The Development of the Law of international Organizations by the decisions of international tribunals'*, 152 RdC, 1976, Vol. 4.
[4] F. Morgenstern, Legal Problems of International Organizations, Cambridge Univ. Press, 1986, pp. 501-521.
[5] F. Seyersted, *Common Law of International Organizations,* Martinus Nijhoff Pub., 2008.
[6] Finn Seyersted, *Objective International Personality of Intergovernmental Organizations*, 1963.
[7] H. Mosler, *Subjects of International Law*, 7 EPIL, 1984.
[8] I. Brownlie, *Principles of Public International Law,* 7th ed. Oxford Univ. Press, 2008.
[9] I. Brownlie, *Principles of Public International Law*, Oxford Univ. Press, 2008.
[10] *I.C.J. Reports 1980.*
[11] *ICJ Reports* 1949.
[12] J. Klabbers, *An Introduction to International Institutional Law*, Cambridge Univ. Press, 2002.
[13] J. Klabbers, *Research Handbook on the Law of International Organizations*, Edward Elgar Pub.
[14] M.P. Scharf, *The Law of International Organizations: Problems and Materials*, Carolina Academic Press, 2007;
[15] N. Blokker, H. Schermers, *International Institutional Law: Unity within Diversity*, 5th ed., Martinus Nijhoof Pub., 2011.
[16] N.D. White, *The Law of International Organizations*, 2nd ed., Manchester Univ. Press, 2005.
[17] R. Portmann, *Legal Personality in International Law*, Cambridge Univ. Press.
[18] Љ.Д. Фрчкоски, С. Георгиевски, Т. Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012.
[19] С. Аврамов, М. Крећа, *Међународно јавно право*, 20-то издание, Сл. Гласник, Београд, 2007